# Правила за учество на Е-Аукција на Порталот за набавки на Групацијата ЕВН

**1. Преамбула**

1.1 Групацијата ЕВН користи портал за набавки за себе и за нејзините поврзани компании на веб-страницата (https://beschaffung.evn.at).
1.2 Овие Правила за аукција се применуваат за спроведување на електронска аукција (во натамошниот текст „е-аукција“) од страна на соодветниот Купувач на Групацијата ЕВН (во натамошниот текст „Купувач“) на порталот за набавки на Групацијата ЕВН.
1.3 Електронската аукција е итеративна, исклучиво електронска постапка за утврдување на понудата на која треба да се додели договорот/спогодбата. Е-аукцијата се спроведува во форма на „англиска обратна аукција“ со намалени/подобри понуди, т.е. подобри понуди се поднесуваат врз основа на најдобрата понуда или вредноста(ите) наведени од Купувачот, во која понудувачите поднесуваат нови, надолно прилагодени цени или подобри вредности во согласност со критериумите за доделување на порталот за набавки на Групацијата ЕВН на обврзувачки начин.

**2. Регистрација / Обврски на Снабдувачот (Испорачателот)**

2.1 Секој добавувач кој има намера да стапи во деловен однос со Групацијата ЕВН мора да се регистрира на Порталот за набавки. Добавувачот гарантира за точноста и комплетноста на внесените податоците.
2.2 Групацијата ЕВН го задржува правото целосно или делумно да одбие регистрација. Снабдувачот (Изведувачот) нема да има право на жалба на одбивањето на регистрацијата  и вклучувањето во базата на податоци на овој портал за набавки. Групацијата ЕВН, исто така, го задржува правото да побара дополнителни податоци од Добавувачот, потребни за регистрација.
2.3 Право на учество на е-аукција на Групацијата ЕВН имаат сите Понудувачи кои учествуваат на соодветниот настан и поднеле понуда која ги исполнува формалните и содржинските барања за соодветната постапка.

**3. Обука**

3.1 Сите понудувачи-учесници можат бесплатно да учествуваат на телефонска обука. Понудувачот-учесник ќе биде запознаен со процесите на е-аукција во рамките на порталот за набавки на Групацијата ЕВН во период од околу. 30 минути. Точните термини за обука ќе бидат навремено објавени. Не постои законско право за учество на курс за обука.

**4. Права на користење**

4.1 Целата содржина на порталот за набавки е заштитена со авторски права.
4.2 Групацијата ЕВН му дава на Снабдувачот (Изведувачот) неексклузивно, непреносливо право, ограничено временски, да ги користи сите информации достапни на порталот за набавки во рамките на Општите услови за користење на порталот и целта на користење што произлегува од нив.

**5. Технички барања**

5.1 За учество на е-аукцијата, понудувачите задолжително треба да поседуваат компјутер со стандарден оперативен систем, интернет конекција и ажуриран прелистувач. Со цел да се минимизира времето за одговор, се препорачува широкопојасна интернет конекција (ADSL, DSL, итн.). Понудувачот е одговорен за функционирањето и достапноста на неговата интернет конекција, како и неговата интернет конекција.

**6. Заштита на податоци**

6.1 Групацијата ЕВН ќе ги почитува важечките закони за заштита на податоците и безбедноста на податоците при собирање, користење и обработка на личните податоци на Снабдувачот (Изведувачот).
6.2 Добавувачот изречно се согласува на трајно чување и користење на податоците обезбедени од него од страна на Групацијата ЕВН за сите намени во делокругот на работењето на овој портал за набавки.

**7. Критериуми за доделување**

7.1 Компонентите чии вредности се предмет на е-аукцијата (критериум за најдобра или најниска понуда) може да се најдат во тендерската документација.

**8. Постапка на е-аукција**

8.1 Понудувачот задолжително  треба да достави валидна понуда преку порталот за набавки на Групацијата ЕВН пред почетокот на е-аукцијата. Понудувачите ќе бидат поканети и побарани да учествуваат на е-аукцијата во согласност со начинот на преговарање во тендерската документација и да доставаат подобри понуди од нивните претходни понуди. Е-аукција не може да ја гледаат трети лица, особено компании кои не биле поканети. Е-аукцијата ќе започне најрано два работни дена по испраќањето на поканата за учество. Со цел да се обезбеди правична и недискриминаторска постапка и да се избегне дослух на понудувачите, идентитетот на учесниците ќе се чува во тајност до крајот на е-аукцијата.
8.2 На порталот за набавки на Групацијата ЕВН, на понудувачот-учесник ќе му бидат прикажани следните информации во случај на тековна е-аукција:

- Почеток на е-аукцијата
- Претстојниот крај на е-аукцијата:
    - во форма на фиксен датум (ДД.ММ.ГГГГ и време) и/или
    - во форма на временски интервал (во минути) во кој не се поднесени нови понуди кои ги исполнуваат или надминуваат минималните интервали.
    - Минимални растојанија што треба да се почитуваат при поднесување на понудите
    - Моменталната најдобра понуда
    - Тековно рангирање на сите понуди

**9. Откажување на е-аукцијата**

9.1 Откажувањето на е-аукцијата од страна на Купувачот е дозволено од објективни причини. Прекинувањето се смета за отповикување на постапката за доделување и ќе биде објавено на порталот за набавки на Групацијата ЕВН заедно со причините за прекинот. Оваа објава ќе се смета дека е објавување на одлуката за отповикување. Времето на испраќање на решението за отповикување е времето на првата достапност на информациите на порталот за набавки на Групацијата ЕВН.

**10. Постапка во случај на технички дефекти**
10.1 Доколку дојде до техничка грешка на порталот за набавки на Групацијата ЕВН за време на е-аукцијата, Купувачот ќе ги извести понудувачите преку е-пошта или телефон. Во случај на мали технички дефекти кои можат да се отстранат на кратко, Купувачот ќе ја прекине е-аукцијата додека не се отстрани дефектот. Во случај на подолгорочни прекини, ќе биде објавен нов датум за продолжување на е-аукцијата.
Доколку е поднесена барем една подобра понуда пред настанувањето на дефектот, последната понуда добиена на порталот за набавки на Групацијата ЕВН ќе биде почетна точка за продолжување на е-аукцијата. Доколку сè уште не е пристигната понуда, е-аукцијата ќе се рестартира целосно. Техничките грешки на понудувачите не доведуваат до прекин на е-аукцијата.

**11. Одлуки за награди**
11.1 По завршувањето на аукцијата, името на најуспешниот понудувач, вклучувајќи го износот на нарачката или вредностите на компонентите кои се предмет на е-аукцијата, ќе биде објавено на порталот за набавки на Групацијата ЕВН. Огласот се смета дека е известување за одлуката за доделување. Времето во кое информацијата е првпат достапна се смета за време на пренос.

**12. Доверливост**
12.1 Снабдувачот (Изведувачот) е должен да ги третира сите информации и знаења за Групацијата ЕВН добиени при користење на порталот за набавки, особено нејзините деловни тајни, како доверливи на неограничен временски период и да не ги направи достапни за трети лица.
12.2 Снабдувачот (Изведувачот) ќе го обврзе својот персонал, вработени, како и трети страни и/или подизведувачи да ја чуваат доверливоста. Снабдувачот (Изведувачот) ќе се погрижи, со доверливите информации да бидат запознаени само оние вработени кои треба да ги знаат доверливите информации заради користење на порталот за набавки или за извршување на договор склучен врз основа на тие информации.

**13. Измени на Условите за користење**
13.1 Групацијата ЕВН има право да ги измени горенаведените Правила за аукција во секое време. За сите такви измени ќе бидат известени на соодветен начин.
13.2 Доколку измената на Правилата за аукција влијае на правата на Снабдувачот (Изведувачот), засегнатиот Снабдувачот (Изведувачот) може да се спротивстави на измената во рок од две недели од известувањето за измената. По истекот на овој период, изменетите Правила за аукција ќе станат целосно валидни.

**14. Завршни одредби**
14.1 Доколку одредба од овие Правила за аукција стане правно неважечка или ја изгуби својата правна важност подоцна, тоа нема да влијае на валидноста на останатите одредби. Договорните страни веднаш ќе ја заменат неважечката одредба со валидна одредба што е најблиску до економската цел на неважечката или неспроведливата одредба. Истото ќе важи и во случај на договорни пропусти (loopholes).
14.2 Македонското материјално право ќе се применува за исклучување на Конвенцијата на Обединетите нации за договри за меѓународна продажба на стоки и начела за судир на закони од Регулатива Рим I.
14.3 Место на јурисдикција за двете договорни страни е Граѓанскиот суд  Скопје за стопански предмети.